„Првата група што ќе влезе во Џенетот ќе бидат со лица светли како полна месечина. А оние што ќе дојдат по нив – ќе светат како најсјајната ѕвезда на небото

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Првата група што ќе влезе во Џенетот ќе бидат со лица светли како полна месечина. А оние што ќе дојдат по нив – ќе светат како најсјајната ѕвезда на небото. Тие нема да вршат ниту мала ниту голема нужда, нема да плукаат, ниту пак ќе имаат секреции од нос за да ги исфрлат. Чешлите ќе им бидат од злато, потта ќе им мириса на миск, а кадилниците ќе користат за нив најфино ало-дрво (анџуџ). Сопруги ќе им бидат хурии со крупни и убави очи. Сите ќе бидат со ист облик – според големината на нивниот татко Адем, високи шеесет лакти.“

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека првата група верници што ќе влезе во Џенетот ќе има лица светли како полната месечина. А оние што ќе дојдат по нив – ќе сјаат како најсјајната ѕвезда на небото. Ќе бидат опишани со најсовршени особини: нема да вршат ни мала ни голема нужда, нема да плукаат, ниту ќе го бришат носот. Чешлите ќе им бидат од злато, потта ќе им мириса на миск, а од нивните кадилници ќе се шири најпрефинет и најубав мирисен чад. Сопруги ќе им бидат хурии со големи и прекрасни очи. Сите ќе бидат со ист облик и изглед – налик на нивниот татко Адем, високи шеесет лакти.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/65183